Врз основа на член 20 од Правилникот за лиценци за вршење на енергетска дејност (Сл.весник на РМ бр. 143/11, 78/13, 33/15 и 207/16) Друштвото за трговија и услуги ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец, со седиште на Аеродром Александар Велики, нова административна зграда, канц. 222 Петровец, го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известува јавноста дека Друштвото за трговија и услуги ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец на ден 27.10.2017 година достави Барање до Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија за издавање на Лиценца за вршење на енергетска дејност: Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1), заведено со архивски број УП1 бр. 11-182/17.

**Име, односно назив на барателот:**
Друштвото за трговија и услуги ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец, со седиште на Аеродром Александар Велики, нова административна зграда, канц. 222 Петровец

**Вид на енергетска дејност:**
Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1)

**Подрачје каде ќе се врши дејноста:**
Дејноста Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - складирање на гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1) ќе се врши на територијата на Република Македонија.

**Опис на начинот, објектите и средствата за вршење на дејноста:**
Приемот и испораката на нафтениот дериват гориво за млазни мотори ГМ-1 (JET A-1) ќе се врши преку 1 (еден) вертикален надземен резервоар со волумен од 1000 м3 со вкупен капацитет 1000 м3, кој ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец го има земено под закуп од Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ с. Хамзали Босилово, и е запишан во Имотен лист бр. 30 за КО Хамзали, Босилово, на КП 589.

**Времетраење на лиценцата:**
Лиценцата е со времетраење од 10 години

**Начин и краен рок за доставување на предлози, мислења и сугестии во врска со издавањето на лиценцата:**
Сите заинтересирани правни и физички лица можат по писмен пат да доставуваат предлози, мислења или забелешки до Регулаторна Комисија за Енергетика на Република Македонија во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на ова Известување во дневниот печат.

**Адреса на Регулаторна Комисија за енергетика на Република Македонија:**
ул. “Македонија” бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков, кат 6, 1000 Скопје

Дата: 05.03.2018

ЕКС ФИС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Петровец